РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-373/5
17-06-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот заведен под број 09-373/1 од 24.01.2024 година, против службеното лице ------------, В.Д. организациски директор на ЈЗУ ---------------, СЕ ЗАПИРА.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-373/1 од 24.01.2024 година е оформен по сопствена иницијатива на колегиум на ДКСК, одржан на ден 28.12.2023 година, согласно со член 17 став 1 точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси.

Имено, по извршена проверка на поднесениот образец Изјава за интереси од страна на лицето ----------- со бр. 09-3722/1 од 13.04.2022 година, Државната комисија утврди дека лицето ја врши функцијата В.Д. организациски директор на ЈЗУ ------------, именувано од страна на министерот за здравство со акт бр. 11-2307/1 од 16.03.2022 година и исто така е управител и сопственик на -----------------.

Со цел проверка на податоците пријавени во образецот Изјава за интереси од страна на лицето -------------, ДКСК се обрати до наведеното лице со Известување и барање на информација бр. 09-373/2 од 06.02.2024 година, во врска со тоа дали лицето се уште ја

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

извршува наведената функција и доколку ја извршува/има престанок, да се достави актот за избор/именување или разрешување од извршување на функцијата В.Д. организациски директор на ЈЗУ ---------------.

ДКСК направи два последователни обиди за достава на Барањето до ова лице, за што постојат докази во списите на предметот и тоа првиот обид за достава е направен на 10.02.2024 година со препорачана пратка RC084621148MK, додека вториот обид за достава е со препорачана пратка RC085983038MK од 07.03.2024 година, но и во двата наврати пратката не била подигната од негова страна и истата е вратена на испраќачот со назнака „известен, не побарал“.

Од тековната состојба прибавена на ден 27.03.2024 под број 0805-50/150020240114203 од Централниот регистар на РСМ, ДКСК утврди дека лицето ------------- се уште е сопственик и управител на -----------------. Исто така, од увидот во тековната состојба за ЈЗУ --------- од ден 27.03.2024 година под број 0811-50/150020240114506 ДКСК утврди дека лицето се уште ја врши функцијата вршител на должноста организациски директор на оваа здравствена установа.

По утврдување на фактичката состојба, ДКСК констатира дека од страна на службеното лице -------------- е постапено спротивно на членот 45 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради тоа што кога истиот стапил на функцијата на именувано лице, на ден 16.03.2022 година, продолжил како сопственик да управува со ---------, со што сторил прекршок казнив по член 105 став 1 од истиот закон, но имајќи предвид дека од денот на сторување на прекршокот 16.03.2022 година се изминати повеќе од две години, а прекршочна постапка против сторителот не е поведена, настапила застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочна постапка не може да се поведе, ниту да се води. Од таа причина ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај, поради што е одлучено како во изреката на оваа одлука.

Имено, согласно со чл.41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ“ бр. 96/2019 и 253/2023, Прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.

Согласно со член 24 став (1) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, поради утврдената повреда на одредбите од овој закон од страна на наведеното лице, ДКСК ќе го извести министерот за здравство, надлежен за негово именување за извршување на функцијата В.Д. организациски директор на ЈЗУ -------------------.

Согласно со член 24 став (2) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, надлежниот орган е должен по известувањето на ДКСК за утврдената повреда на одредби од овој закон, писмено да ја извести ДКСК за преземените мерки во рок од 60 дена од добивањето на известувањето.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: С.С.М - член на ДКСК